Почеток 1989



# *Македонски графички истражувања*

## Графичка мапа на ФЛУ

Графичката мапа составена од 22 графики на исто толку автори — професори, асистенти и соработници на ФЛУ* во Скопје, е прв обид во рамките на неговата издавачка дејност. Инаку пред неа се издадени, прво една одамнешна мапа (1962) со графики на некои членови на ДЛУМ (графичка секција) а потоа неколку други, со поединечни или групни прилози во нив. (во издание на НИП „Нова Македонија", СВП итн.).

Уметничката вредност на графиките од Мапата на ФЛУ се вградува, речиси без исклучок, во сегашниот врв на визуелната култура во Македонија: најголемиот број од графиките произлегуваат од една развиена, продлабочена смисла на македонските творци за следење, критичка анализа и творечки избор на современи проектантски и обликувачки ликовно-графички постапки. Преку ваков авторски пристап тие се сообразуваат со вкусот на времето, со белезите на денешната градска цивилизација: со наметливоста на средствата за јавно масовно информирање, со технолошките системи што го возможуваат човековото постоење во модерните урбанистички и архитектонски простори. Така изградениот творечки менталитет на нашите највидни графичари, несомнено им предничи на многу други форми на обликување во даден материјал, со разновидни технички средства: во индустрискиот дизајн, во применетата индустриска графика итн. Овие подрачја според својата природа, знатно се доближуваат до особе-

* Факултет за ликовни уметности

ните постапки применети во графичката уметност.

Оттука оваа Мапа е своевиден дидактичко-ликовен прирачник за амбициите на графичкото мислење и изведување во Македонија, условени овој пат од две ограничувања: примена на само една графичка техника (сериграфија) и најмногу на две бои. Авторите на графиките од Мапата се сообразиле со овие физичко-технички рамки со висок професионален усет. Така речиси сите особено внимание му посветиле на цртежот, стилски различно замислен и изведен. Преовладува потоа истакнувањето во повеќе графики на првичниот визуелен ефект, од главно црнобели односи. Така и боените интервенции најчесто се изведуваат со нагласена здржаност врз така создадената основа. Понекогаш обоените детали немаат само графичка улога: некои дејствуваат и како смислен концептуален, семантички или стилски искажан став. Од сето тоа произлегоа расчленети стилски определби на поедини графичари.

Така конфигуративните поставки во некои графики се особени: се изразуваат во аморфни сплескани парцели, во разновидни линеарно цртачки состави, преку нивни комбинации итн. За покојниот Л. Аврамовски- Гуте беше карактеристична трајната определба за постиката на енформелот. Развиени како делчиња од некоја раскината пајажинеста мрежа се деликатните цртачки групации на П. Хаџи-Бошков, распределени во неправилни парцели. Блиски им се кревките обоени линеарни преплети на Р. Калчевски. Динамично распределени се обоените, со остри врвови стрелести потези на В. Ташевски. Смела, гестуално изразителност спроведува П. Мазев. Ги згуснува своите графики во аморфни парцели исткаени од линеарни и сплескани делови, З. Јакимовски. Едноставна сугестивна композиција од различно обоени, профилирани и сместени состави, изведува С. Маневски; а деликатно свечена и декоративна е композицијата на Д. Малиданов. Две јадри маси допрени во стеснетите средини, Д. Поповски- Дада ги извел со фино потсетување на механички или органски форми. Изградено чувство за апстрактни композиции составени од магличести нијансирани површини, со пробив во нив на разновидни цртачки интервенции, открива графиката на Д. Николов, Д. Перчинков со префинет усет го стегнува графичкиот исказ во мали концептуалистички целини, составени од нежни брановидни линеарни и геометриски детали. Додека Д. Кондовски врз основа изградена од неправилни хоризонтални линии изведува обоени геометриско-декоративни форми. Духовитата композиција на С. Шемов здружува неодадаистички и концептуалистички постапки: дрзок колористички детал поставен врз цртеж сложен од разновидни исечоци од весници.

На еден стилски меѓупростор му припаѓаат графиките оформени како сугестивни или симболично-евокативни мотиви: со повеќе (М. Петровски, В. Вујисиќ) или помалку (К. Танчев, В. Василев) податоци што можат да се врзат за некоја појава или предметност, често само наведена или асоцирани.

Разновидни се и фигуративните искажувања во оваа Мапа. Така В. Ѓоргиевски извел човечки лик со подвлечена изразител

ност на портретните детали. А. Темкова развила декоративно-симболично поставен цртачки состав (коњ, коњаник и други детали). Неодредена, сенишна женска визија втопена во грижливи премини од темни кон светли партии, оформил Р. Корубин. Грижливо смисленииот состав од фигурални детали на Р. Анастасов, пресечени со обоена парцела, е комбиниран со мрежа од хоризонтални линии. С. Павлески, со речиси футуристичка логика исцртува динамично комбинирани претстави од современата архитектура.

Се надевам дека оваа Мапа на графики ќе биде поттик, со своите ликовни вредности, за натамошен развиток на графичката уметност во Македонија.

*Борис Петковски*